2. **За предлагање на нови одлуки**

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието.

Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице.

Заедно со предлогот, акционерот задолжително треба да приложи и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:

- Документ за лична идентификација.

2. За акционер правно лице се приложува:

- Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од 7 (седум) дена.

Предлогот, заедно со документите за идентификација, мора да биде примен во ОИЛКО КДА – Скопје, најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Јавниот повик за одржување на Собранието на акционери на Друштвото.

Адреса на која се доставува предлогот :

ОИЛКО КДА - Скопје
ул. 10, бр.152 Миладиновци
Илинден, 1000 Скопје
до Комплементарите на Друштвото
Со назнака „за Годишно Собрание“